

СТЕКНАТО ПРАВО кај нас често се користи погрешно и не е исто со поимот ИНХЕРЕНТНОТО ПРАВО. Овде пред се мислам на некој политичари кај нас.

Можеби е од корист некој да им укаже на битните разлики меѓу овие два правни поjма.

СТЕКНАТО ПРАВО кое често се користи кај нас за објаснување на проблемот со името не е исто со поимот ИНХЕРЕНТНОТО ПРАВО, односно ова последно право е правилно преведно „вродено право", но во меѓународното право ова е **есенцијално повисоко задолжително право** , кое се изедначува со **ius cogens.**

ИНХЕРЕНТНОТО ПРАВО секогаш има ИМПЕРАТИВЕН КАРАКТЕР! СТЕКНАТО ПРАВО, може но и немора да има ИМПЕРАТИВЕН КАРАКТЕР!

Пример, ИНХЕРЕНТНО ПРАВО се однесува покрај на националното име и националниот или државноправниот идентитет и на *правната способност* на држава да склучува договори и да биде правно лице, па и на овие принципи од меѓународното право:

1. **правната еднаквност** и суверената еднаквост на државите и во ОН, но и надвор од ООН (независно дали државата е членка на ОН или не е односи се базираат на суверената и правна еднаквост),

2. **Политичката независтост** и сите правни капацитети на една држава, а ваков субјект мора да биде суверено лице, бидејќи сувереност е неопходен елемент на државноста (исто така независно дали државата е членка на ОН или не односно секоја држава мора ако е суверена да биде политички независна и мора да ги има основните правни капацитети за независното делување),

3. Држава **има право на немешање** во внатрешната јурисдукција од другите држави, независно дали се членки на ОН или не се. Дури и кога една држава е членка на ООН самата Организација на ОН нема право, а истото важи и за секоја држава членка на ООН, да се меша во ватрешната јурисдикција на другата држава. Оваа внатрешна јурисдикција се однесува на Уставен и политички поредок, сите правни капацитети на државата и секоје право кое е израз на суверената волја на народот,

4. **Правото на самоопределување** е исто инхерентното право које е правно кодифицирано во Повелбата на ООН како колективното народно право (чл. 1 и чл.55), но ИНХЕРЕНТНОТО ПРАВО на „ **самооредување**” кое произлегува од колективно право на **самоопределување** се однусува и **на држави**, како **државно право** и исто така како претходното колективно чевеково право кое се однесува на народи, ваквото **државно право на самооредување (self-determination)** е ius cogens и претставува посебно инхерентното право,

5. државноправниот идентитет (името) е оттаму, како основ елемент на правниот субјективитет е ИНХЕРЕНТНОТО ПРАВО како и изборот на името, а истото се однесува и за суверенoста во поглед на НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ кои опфака и сфера на човековите права (колективни права) кои се од типот на ius cogens.

Со други зборови ИНХЕРЕНТНОТО ПРАВО на една држава вклучува или ги опфаќа сите овие **ius cogens** норми и секоја од овие норми содржи права кои се инхеретно содржи од моментот кога една држава почнува да функционира како суверен и независен политички и правен субјект во меѓународни односи и правен меѓународен промет.

*Проф. др Игор Јанев*